РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-217/1
30.01.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Управниот одбор на Агенција за филм на Република Северна Македонија врз основа на член 20 став (1) и член 21 ставови (1) и (2) од Статутот на Агенција за филм бр. 07-98/1 од 06.02.2014 година, а во согласност со член 21 став (1) алинеја 9 и член 6 алинеја 8 точка 2 од Законот за филмската дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18 и 275/19), на седница одржана на ден 30.01.2023 година донесе:

# Правилник
# за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува начинот на финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, условите за учество, критериумите за евалуација на проекти, висина на учество на Агенцијата во финансирањето на проектите, начинот на користење на средствата за проектите кои ќе бидат одобрени од страна на Агенцијата.

(2) Во зависност од должината на времетраењето на филмот со овој Правилник се опфатени:

- Долгометражни играни и анимирани филмови чија должина на времетраење на филмот е над 70 минути;
- Долгометражни документарни филмови чија должина и времетраење на филмот е над 60 минути;
- Крткометражни филмови (игран, документарен и анимиран) чија должина на времетраење на филмот е до 30 минути.

Објава на Конкурс и услови за учество на истиот
Член 2

(1) За финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, Агенцијата во јануари во тековната година објавува Конкурс кој трае во текот на целата година.

(2) Конкурсот се објавува најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот како и на веб страната на Агенцијата.

(3) По доставените пријави на Конкурсот, Агенцијата одлучува двапати годишно во април и во октомври во тековната година.

(4) Право на учество на конкурсот имаат правни лица регистрирани во Централен Регистар на Република Северна Македонија со претежна дејност производство на филмови.

(5) За производство на долгометражен игран филм право на учество имаат правните лица кои ги исполнуваат следниве услови: филмскиот продуцент да има снимено и јавно прикажано најмалку еден долгометражен игран филм со кој учествувал на најмалку два меѓународни фестивали што го потврдува со доставување на соодветна документација и режисерот да има снимено и јавно прикажано најмалку еден долгометражен игран филм со кој учествувал на најмалку два меѓународни фестивали што го потврдува со доставување на соодветна документација.

(6) За производство на дебитантски долгометражен игран филм право на учество имаат правните лица кои ги исполнуваат следниве услови: филмскиот продуцент да има снимено и јавно прикажано најмалку два краткометражни документарни или анимирани филмови со кои учествувал на најмалку два меѓународни фестивали, што го потврдува со доставување на соодветна документација и режисерот да има снимено и јавно прикажано најмалку два краткометражни филма со кои учествувал на најмалку два меѓународни фестивали што го потврдува со доставување на соодветна документација.

(7) За производство на копродукциски филм со малцински финансиски удел на Република Северна Македонија право на учество имаат правните лица кои имаат снимено и јавно прикажано најмалку два краткометражни играни, документарни или анимирани филмови со кои учествувал на најмалку два меѓународни фестивали што го потврдува со доставување на соодветна документација.

(8) За производство на долгометражен игран филм право на учество немаат правните лица кои се пријавуваат со проект чиј режисер, претходно има одобрен проект за реализација на долгометражен игран филм од страна на Агенцијата и истиот сеуште не е завршен.

(9) Право на учество на конкурсот имаат правни лица кои се пријавуваат со проект чиј режисер се има стекнато со соодветно високо образование.

Член 3

(1) Потребна документација за пријава на проектот која задолжително мора да се приложи согласно закон, е следнава:

- извод од Централниот регистар на Република Северна Македонија за регистрирана дејност,
- потврда за обезбедено минимум сопствено учество во износ од 4% од вкупниот буџет на филмскиот проект, со исклучок на копродукциски филм со малцински финансиски удел на Република Северна Македонија, каде минимумот на сопствено учество на филмскиот продуцент од Република Северна Македонија е во износ од 4% од средствата добиени од Агенцијата.
- изјава дека ќе ги обезбеди другите финансиски средства предвидени во вкупниот буџет на филмскиот проект од други извори,
- изјава дека доколку на конкурсот добие средства од Агенцијата во износ повеќе од 50% од вкупниот буџет на филмскиот проект е согласен Агенцијата да има еднакви права во користењето на филмот што поблиску ќе се регулира со договор,
- изјава дека ги исполнил сите обврски кон Агенцијата за други проекти финансирани со средства од Буџетот на Република Северна Македонија,
- преддоговор за уредени авторски права со сценаристот и режисерот,
- оперативен и финансиски план за филмскиот проект и
- друга документација утврдена со конкурсот.

Критериуми и мерила за евалуација на проекти

Член 4

(1) Финансирањето на филмските проекти ќе се врши врз основа на спроведена евалуација на критериумите и мерилата утврдени со Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/14) (во натамошниот текст: Правилник за поблиски критериуми и мерила на филмски проекти), поблиску уредени со овој Правилник.

(2) Изборот на филмските проекти од национален интерес во филмската дејност се врши по принципот на предност на филмскиот проект кој остварил повеќе бодови изразен како збир од освоените бодови.

(3) По исклучок од став 2, може да биде избран или одбиен проект доколку филмскиот совет го издвои своето мислење со јасно образложени критериуми за причините за направениот исклучок, во мислењето за прифатени и мислењето за одбиени проекти.

Постапка на финансирање проекти од национален интерес во филмската дејност

Работа на Комисијата за административна селекција
Член 5

(1) Во Евалуацијата на проектите учествува Комисија за административна селекција на проектите пријавени по Конкурс, именувана со решение од страна на директорот на Агенцијата. Бројот на членови на Комисијата се утврдува согласно потребата и обемноста на конкурсот и истите се од редот на вработените лица во Агенцијата. Од редот на именуваните членови се избира претседател кој ја координира и организира работата на Комисијата и истиот е одговорен за точноста и веродостојноста на податоците кои произлегуваат од работата на Комисијата.

(2) Комисијата има за цел да утврди дали пријавите доставени по Конкурс се навремени, дали се комплетни, дали се доставени од овластено лице, дали се доставени во бараната форма и содржина, и дали истите ги исполнуваат условите утврдени во Конкурсот.

(3) Комисијата за административна селекција е должна по службена должност да го прибави доказот за исполнетоста на условот од член 3 став (1) алинеја 1 на овој правилник од надлежениот јавен орган, доколку истиот не е доставен од страна на правното лице.

(4) Комисијата за својата работа изготвува записник во кој се содржани сите аплицирани проекти по Конкурс со прилог листа на проекти кои ги исполнуваат условите и истите можат да продолжат во понатамошна евалуација и прилог листа на проекти кои не ги исполнуваат условите согласно конкурсот со наведување на причините за нивната неисполнителност.

Надлежност и работа на стручните тела во Агенцијата
Член 6

(1) За утврдување на оргиналноста, автентичноста и квалитетот на содржината на сценариото на филмскиот проект, директорот на Агенцијата именува филмски рецезент/и. Филмскиот/те рецензент/и оценката за оригиналноста, автентичноста и квалитетот на содржината на сценариото ја утврдува преку мерилата дефинирани во член 3 од Правилникот за поблиските критериуми и мерила на филмските проекти, поблиску уредени во посебни евалуациони листи за секоја категорија на филм кои се дел од овој Правилник.

(2) Оценката од ставот 1 која е изразена во Евалуационите листи врз основа на кои се врши евалуација на сценариото на филмскиот проектот се доставуваат на разгледување до Филмскиот Совет. Рецезентите се должни во листите за евалуација да дадат и рецензија за сценариото во смисла дали истото би требало да биде приоритетно за поддршка по Конкурс.

(3) Доколку филмскиот проект во оваа фаза на евалуација не го оствари потребниот минимален број на бодови пропишан во член 3 од Правилникот, се исклучува од натамошна оцена и евалуација.

(4) Проектите кои продолжуваат во натамошна постапка се евалуираат од страна на стручните служби на Агенцијата именувани со решение од страна на директорот. Евалуацијата се врши согласно членовите 5, 7 и 8 од Правилникот за поблиски критериуми и мерила на филмските проекти, односно се мери успешноста на продуцентот и режисерот на проектот зависно дали е етаблиран или дебитант, врз основа на доставена документација. Евалуацијата на копродукциските проекти со македонско малцинско учество, се врши согласно член 10 од Правилникот за поблиски критериуми и мерила на филмските проекти.

(5) Филмскиот совет како стручно тело именувано со решение од страна на директор, е должно да ја мониторира и следи евалуацијата на проектите согласно критериумите и мерилата

наведени во Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност, поблиску уредени со овој Правилник.

(6) Целокупната постапка односно евалуација на проектот пропишана во овој член е изразена во евалуационен лист верификуван од страна на Советот поединечно за секоја категорија.

(7) Врз основа на Листите за евалуација, советот прави ранг листа за проектите кои имаат приоритет во изборот и поединечни мислења за тоа кои од пријавените проекти треба да бидат прифатени, односно одбиени по Конкурсот. Советот е должен да ги наведе причините за тоа зошто еден проект е одбиен односно прифатен по конкурс. Мислењата и ранг листата се доставува до директорот на Агенцијата.

(8) За оцена на финансиските и оперативните планови и буџетот на проектите, директорот на Агенцијата именува еден или повеќе финансиски советници. Финансискиот советник е должен да изврши анализа и проверка на финансиските и оперативните планови и буџетот на проектите да ја утврди објективната усогласеност на финансискиот план и оперативниот план со сценариото на проектот. Оценката од направена евалуација е изразена во Евалуациони листи, со кои согласно член 9 од Правилникот за поблиски критериуми и мерила на филмските проекти се врши евалуација на проектот и истите поединечно за секој проект со предлог износи за поддршка се доставуваат до директорот.

(9) Листите за евалуација се прилог на овој Правилник.

Член 7

(1) Директорот на Агенцијата е должен врз основа на мислењата добиени од Филмскиот Совет да му предложи на Управниот одбор кој од пријавените проекти треба да биде прифатен односно одбиен по Конкурс.

(2) Одлуките за прифаќање и одбивање на пријавените проекти ги носи Управниот одбор на предлог на директорот во рок од 60 дена од денот на завршување на конкурсот.

(3) По исклучок на ставот 2, Агенцијата го задржува правото да определи и друг рок на одлучување зависно од постапката и нужноста на одлуката.

(4) Правните лица се должни во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на прием на одлуката за прифатени проекти по Конкурс, да пристапат кон склучување на преддоговор за финансирање на филмските проекти, во спротивно Агенцијата има право по службена должност да ја укине важноста на одлуката за прифаќање на проектот.

Висина на учество на Агенцијата во финансирањето на проектите

Член 8

(1) Агенцијата ќе учествува во финансирање на проектите согласно Буџетот одобрен од Владата на Република Северна Македонија и финансискиот план за работа на Агенцијата, а најмногу до 70% од вкупниот буџет за реализација на проектот. И тоа за:

- Долгометражен игран не повеќе од 62.000.000 денари
- Долгометражен анимиран филм не повеќе од 62.000.000 денари,
- Долгометражен документарен филм не повеќе од 10.000.000 денари;
- Краткометражен игран филм не повеќе од 5.000.000 денари
- Краткометражен документарен филм не повеќе од 4.000.000 денари
- Краткометражен анимиран филм не повеќе од 5.000.000 денари.

(2) Агенцијата ќе учествува во финансирање на филмските проекти за дебитантски филм со средства до најмногу 90% од вкупниот буџет и тоа за:

- Долгометражен игран не повеќе од 25.000.000 денари
- Долгометражен анимиран филм не повеќе од 25.000.000 денари
- Долгометражен документарен филм не повеќе од 5.000.000 денари;
- Краткометражен игран не повеќе од 2.000.000 денари
- Краткометражен документарен не повеќе од 2.000.000 денари
- Краткометражен анимиран филм не повеќе од 2.500.000 денари

(3) Агенцијата ќе учествува во финансирање на филмски проекти од посебен интерес за Република Северна Македонија со средства до најмногу 90% од вкупниот буџет и тоа за:

- Долгометражен игран може да бидат и повеќе од 62.000.000 денари
- Долгометражен анимиран филм кои може да бидат и повеќе од 62.000.000 денари
- Долгометражен документарен филм не повеќе од 15.000.000 денари;
- Краткометражен игран не повеќе од 8.000.000 денари,
- Краткометражен документарен не повеќе од 6.000.000 денари
- Краткометражен анимиран филм не повеќе од 8.000.000 денари.

Начинот на користење на средствата за проектите кои ќе бидат одобрени од страна на Агенцијата

Член 9

(1) Правното лице чиј проект ќе биде избран на Конкурс, со Договор се обврзува да ја заврши неговата реализација и да ги исполни сите обврски согласно договорот. Договорот се заверува кај нотар со својство на извршна исправа.

(2) Динамиката на исплата на проектите е следна:

- 70% за припреми и реализација на проектот;
- 20% по завршување на реализацијата на проектот и добиен позитивен извештај од извршена контрола за наменското и законското трошење на исплатените парични средства.
- 10% по депонирана копија од филмот и записник од Кинотека на Македонија, одржана премиера на филмот и добиен позитивен извештај за претходно исплатените парични средства.

Правното лице се обврзува дека сите средства доделени од страна на Агенцијата ќе ги користи наменски, законски, рационално и економично од наменската сметка отворена на име на проектот само за оваа цел.

(3) Правното лице кое добило средства од Агенцијата е должно во рок од 30 дена од денот на завршување на проектот да достави конечен наративен и финансиски извештај.

(4) Финансикиот извештај треба да содржи:

- опис на реализираниот проект
- финансиски план со сите износи и извори на финансирање
- финансиски извештај со детален приказ на трошоците покриени со средствата доделени од Агенцијата за филм со прилог докази за напревени и реализирани трошоци (договори, сметки, фактури, изводи од банка и сл.),
- друга пропратна документација поврзана со реализацијата на проектот.

(5) Доколку со извештајот од извршената контрола се утврди дека средствата исплатени на име на проектот се користени ненаменски и/или во спротивност со буџетот на проектот,

Агенцијата има право да бара утврдениот износ на средства да се врати назад во буџетот на Агенцијата или следната исплата за проектот да се намали за тој износ. На предлог на директорот, Управниот одбор ги носи одлуките за наменското трошење на средствата исплатени за реализација на проектот.

(6) За се останато што не е предвидено во овој член, Агенцијата ќе го доуреди во Договорот применувајќи ги одредбите од Законот за филмска дејност и важечките законски прописи.

Завршни одредби

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на носење на одлука за негово усвојување од страна на Управниот одбор, а се објавува на огласна табла на Агенцијата и на нејзината официјлана веб страна.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Игор Шокаровски